**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 ноември 2001 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 14,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Осумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Александар Гештаковски, Весна Јовановска и Ѓулистана Марковска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија господин Борис Трајковски.

Претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Предлагам предлогот на дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеника од кои за гласале 63, воздржано 1 пратеник и против не гласал никој.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За оваа седница го предлагам следниот дневен ред:

- Престанок на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеника од кои за гласале 65 пратеника, воздржано гласале 3 пратеника и ниеден пратеник не гласал против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Преминуваме на точката од дневниот ред - Престанок на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија.

Согласно член 98 алинеја 4 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија констатирам дека на пратеникот Ѓорѓи Котевски му престана функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи пратеникот Ѓорѓи Котевски беше избран од листата на кандидати потребно е Државната изборна комисија да го извести Собранието за кандидатот од оваа листа на кој треба да му се верифицира мандатот за пратеник согласно член 101 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Осумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 14,15 часот).